# ОПШТИНА РАДОВИШ

Дел. Бр. 25-1336/1
05.09 2023 год.

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 43 од Статутот на општина Радовиш ("Службен гласник на општина Радовиш" бр. 5/02), Градоначалникот на општина Радовиш објавува,

## ЈАВЕН ПОВИК
### за доставување на предлог-програми за реализација на традиционалната манифестација САМУН ЕМ ТАТЛИЈА

I.Согласно донесената Годишна програма за активности од областа на културата бр. 08-1918/2 од 20.12.2023 год., и предвидените финансиски средства во Буџетот на општина Радовиш за 2023 год., Градоначалникот на општина Радовиш го распишува овој јавен повик за доставување на предлог-програми со комплетна финанскиска конструкција за реализација на традиционалната манифестација САМУН ЕМ ТАТЛИЈА 2023 во Радовиш.

II. Предлог-програмите треба да ги содржат следните податоци: период и локација на оддржување, предлог музичко-сценска програма, начин на организација на гастрономскиот дел со угостителски објекти, маркетинг-план, финансиска конструкција и сл.)

III. Заинтересираните правни лица (непрофитни организации, здруженија на граѓани) предлог-програмите треба да ги достават до општина Радовиш, преку пошта на адреса: бул. Александар Македонски бр.7, Радовиш, или во архивата на општина Радовиш, со назнака за Јавен повик за предлог-програми за реализација на традиционалната манифестација САМУН ЕМ ТАТЛИЈА.

Покрај предлог-програмата, задолжително треба да ги достават и Тековна состојба издадена од Централен регистар на Р.М. не постара од 6 месеци.

Јавниот повик трае 5 работни дена заклучно со 12.09.2023 година.

Напомена: Некомплетните предлог-програми и оние што нема да бидат доставени во наведениот рок, нема да бидат разгледувани.

Изготвил : Игор Чапов
Одобрил : Љупче Почивалец

05.09.2023 год.
Радовиш

Градоначалник на општина Радовиш
Ацо Ристов